**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10 и 123/12) и член 18 став 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10 и 26/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за начинот на утврдување поврзани лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13)

1. Во Одлуката за начинот на утврдување поврзани лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/08), во точка 2 став 1 алинеја 1 зборовите: „учество или" се бришат.

2. Во точка 3, ставот 1 се менува и гласи:

„Индиректна контрола претставува контрола во капиталот или во правата на глас на правното лице остварено од лице, преку друго лице, коешто има директна контрола во правното лице.

Во став 2 алинеја 1, зборовите: „индиректно учество или" се заменуваат со зборот: „индиректна".

Во алинеја 2, зборовите: „директно учество или" се заменуваат со зборот: „директна".

Во ставот 3, зборовите: „учество или" се бришат.

3. Во точка 7 став 2 алинеја 1, зборовите: „или учество" се бришат.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О. бр. 02-15/V-3/2013**
**10 мај 2013 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов**